# ВЕЖБА 1: ПОСТАВУВАЊЕ НА ГРАНИЦИ НА ЦРТЕЖОТ И ЦРТАЊЕ ПРАВИ ЛИНИИ СО КОРИСТЕЊЕ НА КОМАНДА LINE

**• Поставување на границите на цртежот во А4 формат (DRAWING LIMITS)**

Границите на цртежот можат да се постават на два начина.

Првиот начин е со користење на главното мени FORMAT>DRAWING LIMITS, во командниот прозорец рачно се внесуваат координатите на цртежот. За А4 формат, прво се внесуваат координатите на долниот лев агол (0,0), а потоа се внесуваат координатите на горниот десен агол (210,297).

Вториот начин за поставување на границите е со внесување на командата LIMITS во командниот прозорец, а потоа се внесуваат координатите на границите, како што е опишано во првиот начин.

**• Зумирање на границите на цртежот**




Зумирањето (зголемување или намалување на размерот на погледот на цртежот) може да се врши преку командниот прозорец, со внесување на командата ZOOM, а потоа внесување на соодветната опција. За преглед на целиот цртеж на екранот се внесува опцијата ALL. Истиот резултат може да се добие и ако се кликне на летечкото мени со алатки за зумирање, прикажано на сликата, и се избере иконата за зумирање на цела содржина на цртежот.

**• Цртање на гранични линии (LINE)**

За цртање на граничните линии на цртежот, како впрочем и за сите прави линии се користи командата LINE. До таа команда може да се пристапи преку командниот прозорец, преку алатникот за цртање или преку главното мени DRAW>LINE.

По избор на командата LINE, потребно е да се внесат координатите на почетната точка на линијата (0,0). Потоа се внесуваат координатите на крајната точка на линијата (210,0). На тој начин, нацртана е долната гранична линија на цртежот. Се продолжува со цртање на десната странична гранична линија (210,297), горната линија (0,297) и се завршува со внесување на командата CLOSE, со што се затвора левата гранична линија до почетната точка (0,0).

• Цртање на рамка на цртежот

Рамката на цртежот треба да се нацрта на следните растојанија од граничните линии

- горе 5 mm;
- долу 5 mm;
- лево 25 mm;
- десно 5 mm.

Ако за цртање на рамката се примени командата LINE внесена преку командниот прозорец, координатите на точките се (25,5), (205,5), (205,292) и (25,292).

Ако рамката се црта со помош на глувчето, за да се олесни цртањето, може да се примени командата SNAP, со која што поместувањето на курсорот ќе биде ограничено со мрежата

(GRID). За таа цел, потребно е мрежата да се постави на соодветна густина од 5 mm, преку главното мени TOOLS>DRAFTING SETTINGS>SNAP AND GRID.

• **Цртање таблица во долниот десен агол на рамката.**

Во долниот десен агол на рамката треба да се нацрта таблица во која што ќе бидат внесени текстуални податоци со информации за цртежот.

Димензиите на таблицата се дадени на следната слика.




На крајот од задачата треба да се добие резултатот прикажан на следната слика. Цртежот треба да се сочува како модел (Template) за да може да се користи како основа за наредните вежби. За таа цел, се избира менито SAVE AS, се доделува името RAMKA, се бира опцијата за сочувување – **Files of type: AutoCAD Drawing Template (*.dwt).**



Конечен изглед на задачата